Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20 ___ год.
Потпис,

**Ип 1 бр. 57-18**
**Датум: 21.02.2024 година**

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул.„Никола Тримпаре бр.22, Центар, Скопје | |
| Адреса за е-пошта | sigmapresspublishing@gmail.com | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 4735722 | |
| Даночен број на субјектот | 4030993108198 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Комерцијална Банка АД Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| | | sigmapresspublishing@gmail.com |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 20.02.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 21.02.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | шифра (58.19) | | |
| Адреса на објектот- | Ул. „Никола Тримпаре бр.22, Центар, Скопје | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

**1. Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за м.февруари 2024 година бр.57- 18/2 од 30.01.2024 година.**

2. Налог, издаден од раководителот на инспекциската служба бр. ____од ______г.;
3. Налогот, издаден од претседателот на Инспекцискиот совет бр. ____од ______г.;
4.Записник/решение за извршен инспекциски надзор бр. ____од ______г..

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник инспектор за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура.

**5) Предмет на инспекцискиот надзор** е од аспект на примената на одредбите од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), како и подзаконските акти (правилници објавени во „Сл. весник на РМ бр. 83/15), донесени врз основа на овој Закон.

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

**-Се употребени листи за проверка, односно Листата за проверка е дадена во прилог и е составен дел на овој записник, во согласност со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19).**

**7)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | sigmapresspublishing@gmail.com |

**8)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор во Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје, освен управителот, Друштвото не беше претставувано од други лица.

**9)** Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

- Во врска со обврската од член 4 став (1) и (2) од Законот за издавачката дејност, според која издавачот мора да има уредник, кој е одговорен за целокупната издавачка дејност, односно врши избор на публикации за објавување, прибавува и дава стручно мислење за публикациите и е одговорен за квалитетот на изданијата, на увид е презентиран Договор за учество во уредувачки одбор за 2023 година бр.01/2023 од 25.05.2023, со назначување на лицето за главен уредник и Договор за учество во уредувачки одбор бр.02/2023 од 25.05.2023, со назначување на лицето во својство на уредник во издавачката куќа Сигмапрес, за издавачката програма за 2023 година.

- При надзорот на увид се презентирани вкупно 4 (четири) публикации издадени од страна на Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје истите финансирани и одобрени од Министерството за култура во 2023 година и тоа:

1 „Предизвиците на компаративната книжевност во XXI век" од автор Славица Србиновска;
2 „Ацо Шопов : Песна над песните (избор од поезијата, размислите, критиките и архивскиот материјал)" од автор Јасмина Шопова;
3 „Антисемитизам и холокауст" од автор Ирина Талевска и
4 „Национални митови од маргините (факти и фикции во предмодерните црковнословенски записи)" од автор Кристина Н. Николовска.

- Во однос на обврската од член 6 став (3) од Законот за издавачката дејност и Правилникот за формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот, според која што издавачот во јануари тековната година за претходната година до НУ – НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје, доставува годишен извештај за сопствената издавачка продукција, утврдено е дека Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје има постапено по оваа обврска, со задоцнување на ден 20.02.2024 година има доставено годишен извештај за сопствената издавачка продукција за 2023 година, поради што имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на помошник-инспекторот се укажува на

присутното лице во иднина доследно да се почитуваат одредбите од Законот за издавачката дејност и подзаконскиот акт.

- Според со член 5 став (1) од Законот за издавачката дејност, кој што се однесува на обврската на издавачот пред објавување на публикацијата да склучи договор со авторот на публикацијата и со другите лица што учествуваат во изработката на изданието (автор, имател на авторско право, уредник, приредувач, преведувач, редактор, рецензент, лектор, коректор, ликовен и технички уредник и друго), а со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски и на кој се применуваат прописите за авторското право и сродните права, утврдено е дека Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје има постапено по оваа обврска. Имено, за издавање на горенаведените публикации на увид се презентирани следните договори:

- Авторско – издавачки договор бр.07/2023 од 23.06.2023 година склучен на ден 13.05.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и (автор), авторот му го отстапува на издавачот правото за издавање на делото „Предизвиците на компаративната книжевност во XXI век";
- Авторско – издавачки договор бр.06/2023 од 01.06.2023 година склучен на ден 01.06.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и (автор), авторот му го отстапува на издавачот правото за издавање на делото „Песна над песните";
- Авторско – издавачки договор бр.08/2023 од 14.06.2023 година склучен на ден 13.06.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и (автор), авторот му го отстапува на издавачот правото за издавање на делото „Антисемитизам и холокауст (политика, општество, книжевност, култура)";
- Авторско – издавачки договор бр.09/2023 од 14.06.2023 година склучен на ден 13.06.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и (автор), авторот му го отстапува на издавачот правото за издавање на делото „Националните митови од маргините: факти и фикции од предмодерните црковнословенски записи";


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Авторско – издавачки договор бр.03/2023 од 25.05.2023 година склучен на ден 13.05.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и
(лектор), лекторот се обврзува да изврши јазична лектура на ракописите одобрени од Министерство за кулутура за 2023 година на издавачката куќа Сигмарес и тоа: „Антисемитизам и холокауст (политика, општество, книжевност, култура)"; „Националните митови од маргините: факти и фикции од предмодерните црковнословенски записи"; „Песна над песните" и „Предизвиците на компаративната книжевност во XXI век".
- Авторско – издавачки договор бр.05/2023 од 25.05.2023 година склучен на ден 01.06.2023 година помеѓу Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач) и
(ликовно технички уредник) се обврзува да изврши ликовно и техничко уредување на ракописите одобрени од Министерство за кулутура за 2023 година на издавачката куќа Сигмарес и тоа: „Антисемитизам и холокауст (политика, општество, книжевност, култура)"; „Националните митови од маргините: факти и фикции од предмодерните црковнословенски записи"; „Песна над песните" и „Предизвиците на компаративната книжевност во XXI век".
- Фактура – испратница бр.122/23 од 29.11.2023 година, од Печатница и книговезница ГРАФОСТИЛ Скопје за печатење на книгите: „Националните митови од маргините: факти и фикции од предмодерните црковнословенски записи" и „Антисемитизам и холокауст (политика, општество, книжевност, култура)";

- Во однос на обврската од член 6 став (2) од Законот за издавачката дејност, според којашто издавачот е должен да ја издаде публикацијата во тираж кој што би требало да биде наведен како задолжителен податок на публикацијата, од увидот во горенаведените публикации, утврдено е дека во изданијата се наведени податоци за отпечатениот тираж и тоа тираж од 200 и 300 примероци;

- Горенаведените публикации на Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје во целост ги содржат податоците, предвидени со членот 7 од Законот за издавачката дејност, а според којшто секоја

публикација треба да ги содржи следните задолжителни податоци: податоци за издавачот (назив и седиште), наслов на публикацијата и име и презиме на авторот/носителот на авторското право, име и презиме на уредникот, како и преведувачот, приредувачот, илустраторот, лекторот и други лица, назив и седиште на печатницата, место на издавање, година на изданието, број на периодичната публикација, при повторно издание, податоци за издавачот, место и година на објавување на првото издание (доколку таквите податоци се достапни), ознака C (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување, тираж на публикацијата, CIP – запис или идентификациски број на CIP – записот (за оние публикации што подлежат на CIP – запис) и меѓународни стандардни броеви за публикацијата (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET).

- Во однос на обврската од член 12 став (4), (5) и (7) од Законот за издавачката дејност, според кој што издавачот е должен да достави 5 (пет) задолжителни примероци за сопствената издавачка продукција за 2023 година до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, издавачот Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје има постапено по однос на обврската, за што на увид како доказ се презентирани:

- Потврда бр.11-54/142 од 25.07.2023 година, за доставени 50+5 задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје за публикацијата „Предизвиците на компаративната книжевност во XXI век“ од автор Славица Србиновска во тираж од 200 примероци;
- Потврда бр.11-54/295 од 28.11.2023 година, за доставени 50+5 задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје за публикацијата „Песна над песните“ од автор Ацо Шопов во тираж од 300 примероци;
- Потврда бр.11-54/325 од 05.12.2023 година, за доставени 50+5 задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје за публикациите: „Антисемитизам и холокауст (политика, општество, книжевност, култура)“ од автор Талевска Ирина во тираж од 200 примероци и „Националните митови од маргините: факти и фикции од предмодерните црковнословенски записи“ од автор Кристина Н. Николовска во тираж од 200 примероци.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Од непосредниот увид во приложената документација, како и разговорот со управителот од Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје врз основа на констатираните наоди за фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор се утврди следново:**

**- не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор поради што инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, овој записник е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

**11)** Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

**12)** Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>управител | [печат: Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје; потпис] | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Дарко Аџиевски, помошник инспектор | [печат; потпис] |
| Датум: | 21.02.2024 г. | Датум: | 21.02.2024 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините

______________________________________________



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

# ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

## - целосна верзија -

| | |
|---|---|
| **Назив на закон:** | **Закон за издавачката дејност** |
| **Субјекти на надзор:** | **Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје** |
| **Надлежна инспекциска служба:** | **Сектор за управен и инспекциски надзор – Министерство за култура на РСМ** |

Податоци за субјектот на надзор

| | |
|---|---|
| **Полн назив на субјектот на надзор** | **Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје** |
| **Седиште на субјектот на надзор** | **Ул.„Никола Тримпаре бр.22, Центар, Скопје** |
| **Единствен матичен број на субјектот** | **4735722** |
| **Шифра и назив на претежна дејност на субјектот на надзор** | **Издавање на книги, шифра (58.11)** |
| **Име/презиме на законски застапник на субјектот на надзор** | **Маја Бојаџиевска** |

Податоци за инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| **Датум и место на спроведување на надзорот** | **20.02.2024, Скопје** |
| **Предмет на инспекциски надзор** | **Спроведувањето на одредбите од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15)** |
| **Име/презиме на инспекторот** | **Дарко Аџиевски, помошник инспектор** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје? | | | Алинеа 5 | -30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 100 до 150 евра во денарска противредност за физичко лице; | физичко |
| Член 5<br>Став (1) | Дали издавачот, пред објавувањето на публикацијата склучил договор со авторот и со другите лица кои учествуваат во подготовка на публикацијата? | Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 1 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице; | Се однес<br>на издав<br>(правно |
| Член 6<br>Став (2) | Дали издавачот ја издаде публикацијата во тиражот којшто е наведен како задолжителен податок на публикацијата? | Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 2 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | Се однес<br>на издав<br>(правно<br>физичко |
| Член 7<br>Став (1) | Дали издавачот пред да ја објави публикацијата ги навел сите задолжителни податоци во публикацијата? | Да ☐ Не ☐ | 2 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 3 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице; | Се однес<br>на издав<br>(правно<br>физичко |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | |
| Член 8<br>Став (3) | Дали издавачот на публикацијата испепечатил меѓународен стандарден број кој е идентичен со бројот што го издала Националната библиотека-НУБ „Св. Климетн Охридски“-Скопје? | Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 4 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | Се однесува на издавачот (правно и физичко лице) |
| Член 9<br>Став (2),(3) и (4) | Дали издавачот објавил публикација без CIP – запис или индентификациски број, и/или изменентата публикација ја издадал со CIP – запис или идентификациски број доделен пред измената и/или печатил ново издание на публикација со стар CIP – запис или идентификациски број? | Да ☐ Не ☐<br>Да ☐ Не ☐<br>Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 5 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | Се однесува на издавачот (правно и физичко лице) |
| Член 10 | Дали издавачот ставил во промет публикација која не ги содржи податоците од членовите 7,8 и 9 од Законот, односно задолжителни податоци, меѓународни стандардни броеви и CIP-запис ? | Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 6 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице; | Се однесува на издавачот (правно и физичко лице) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | |
| Член 12<br>Став (4), (5) и (7) | Дали издавачот доставил пет задолжителни примероци од публикациите, вклучително и една дигитална копија на публикацијата според меѓународните стандарди за универзална достапност на информации или еден задолжителен примерок до Националната установа - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје? | Да ☐ Не ☐ | 3 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 7 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | Се однес<br>на издав<br>(правно,<br>вклучите<br>универзи<br>тите, одн<br>факултит<br>РСМ и<br>физичко |
| Член 12<br>Став (6) | Дали издавачот во рок од најмногу седум дена од завршувањето на печатењето, односно умножувањето на публикацијата, а пред нејзиното ставање во промет, доставил задолжителен примерок од публикацијата до Националната установа - НУБ „Св. Климетн Охридски“-Скопје? | Да ☐ Не ☐ | 2 | Член 19<br>Став (1)<br>Алинеа 8 | -2.000 евра во денарска противредност за правно лице;<br>-30% од одмерената глоба за одговорното лице во правното лице;<br>-од 200 до 300 евра во денарска противредност за физичко лице; | Се однес<br>на издав<br>(правно<br>физичко |
| Член 11<br>Став (1) и (2)<br>и Правилник за формата и содржината на годишниот | Дали Националната установа -НУБ „Св. Климетн Охридски“-Скопје, води евиденција за издавачите во РСМ и за нивната издавачка продукција врз основа на сопствена база на податоци и годишниот извештај за издавачите? | Да ☐ Не ☐ | 2 | / | Нема прекршочна одредба<br>и мерки<br>(решение со наредба за отстранување на утврдениот недостаток) | Обврска<br>НУБ „Св.<br>Климент<br>Охридски<br>Скопје,<br>но од стр<br>министер<br>култура<br>согласно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| извештај за издавачката продукција на издавачот („Сл. весник на РМ“ бр. 83/15) | | | | | | член 11 став (2), не е донесен правилник за содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на членот 11 од Законот. |
| Член 13 Став (2) | Дали Националната установа - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје - Скопје, овозможува копирање и дистрибуција на задолжителниот примерок на електронските публикации, освен во случаите предвидени во Законот за авторското право и сродните права? | Да ☐ Не ☐ | 2 | / | Нема прекршочна одредба и мерки (решение со наредба за отстранување на утврдениот недостаток) | Обврска на НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје |
| Бодови вкупно: | | | 31 | | | |

Напомена: На субјектот на надзорот Друштво за издаваштво, графички дизајн и трговија СИГМАПРЕС ДООЕЛ Скопје не се однесуваат обврските означени со (*) и напишани со помал фонт, коишто претставуваат обврски на НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје